# С О О П Ш Т Е Н И Е



Се соопштува на учениците од I до IX одд. дека по повод Месецот на книгата (15 октомври – 15 ноември) ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје распишува литературен и ликовен конкурс на тема **„Преку книгата откривам нови светови“**

Конкурсот е отворен од 09.11.2020 до 13.11.2020 година.

**Литературните творби** можат да бидат напишани во стих или проза, а ќе учествуваат ученици од III – IX одделение.

**Ликовните творби** можат да бидат изработени со користење на различни ликовни техники, а ќе учествуваат ученици од I – IX одделение.

Учениците од I – III одд. ги предаваат литературните и ликовните творби кај своите одделенски раководители, а учениците од IV – IX одд. творбите треба да ги испраќаат по електронски пат на следнава e-mail адреса ucilisenkonkurs.mirce@gmail.com За секоја творба испратена по електронски пат, испраќачот ќе добие писмена повратна информација со потврда за примен цртеж или литературна творба.

Литературните творби што ќе се испраќаат по електронски пат треба да бидат напишани во word документ, текстот да биде пишуван со македонска поддршка и задолжително да се наведе име, презиме и одделение на ученикот.

Изработените цртежи што ќе се испраќаат по електронски пат треба да бидат убаво скенирани или фотографирани со добра резолуција и не смеат да бидат дигитално обработувани. Цртежите треба да бидат именувани со име, презиме и одделение на ученикот.

Училишните комисии на 16.11.2020 година ќе ги разгледуваат пристигнатите творби и ќе изберат најуспешни ликовни и литературни творби.

Најуспешните творби ќе бидат објавени на училишната веб страна на 18.11.2020 година, а учениците ќе добијат дипломи од училиштето.

***ДРАГИ УЧЕНИЦИ,***

***ЧУВАЈТЕ ГО СВОЕТО ЗДРАВЈЕ,***

***ТВОРЕТЕ И УЧЕСТВУВАЈТЕ НА УЧИЛИШНИОТ КОНКУРС!***

09.11.2020

**Директор**

Ѓурѓица Баталакова